# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**
**(Програмата е предвидена во Стратешкиот план на Министертсвото за правда за 2022-2024година и Годишниот план за работа за 2022година на Министерството за правда):**
Бесплатна правна помош: **Под програма: Унапредување на системот бесплатна правна помош**

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**
Одделението за бесплатна правна помош во Секторот за бесплатна правна помош и политички систем при Министерство за правда на Република Северна Македонија.

**Вид на програмата**
☐ **Хоризонтална**
☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2021**

Со цел спроведување на обврските кои произлегуваат од Методологијата за родово одговорно буџетирање и Стратегијата за родово одговорно буџетирање, која Владата на Република Македонија ја донесе во 2012 година, Министерството за правда одлучи да планира и спроведе родово одговорно буџетирање за програмата за бесплатна правна помош што е во делокруг на работа на Одделението за бесплатна правна помош во Секторот за бесплатна правна помош и политички систем во Министерство за правда.

**Краток осврт на програмата:**
Предметната програма има за цел остварување и унапредување на пристапот на сите граѓани до правдата и гарантирање на уставното право на еднаквост на граѓаните.

**2. Анализа на состојбата** (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

Со Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), се уредуваат општите правила за обезбедување на бесплатна правна помош,видовите опсегот на бесплатната правна помош, давателите и корисниците на бесплатна правна помош, нивните обврски и одговорности, постапката во која се остварува правото на бесплатна правна помош, финансирањето, наградата и надоместокот на трошоците за дадената бесплатна правна помош, бесплатна правна помош во прекугранични спорови транспарентност и отчетност во давањето бесплатна правна помош, посебните постапки, надзор над примената на овој закон и други прашања кои се однесуваат на бесплатната правна помош.

**3. Предложени интервенции** (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

Преку родово одговорното буџетирање ќе се утврдат родово специфичните потреби и барања на лицата за добивање бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош и тоа колку мажи и жени побарале бесплатна правна помош(бпп) и колку мажи и жени оствариле бпп.

**4. Очекувани резултати од програмата** (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).

Унапредувањето на родовата сензитивност ќе се постигне преку континуирано следење на состојбата во областа, изготвување на преглед со родово разделени податоци и во таа насока евентуално подобрување и унапредување на законската рамка како би се поттикнала родовата свесност и истата би се подигнала на повисоко ниво.

**5. Аутпут индикатори**

1) Утврдување на вкупниот број на подносители на барање за примарна правна помош, колку од нив се мажи а колку жени.
2) Утврдување на вкупен бројот на подносители на барање за секундарна правна помош, колку од нив се мажи и жени.
3) Утврдување на вкупен број на одобрени барања за секундарна правна помош, колку од нив се мажи и жени.
4) Утврдување на бројот адвокати кои давале секундарна правна помош колку од нив се мажи и жени.

**6. Буџет на програмата/извор на средствата**

Од вкупно предвидениот буџет на Министерството за правда наменет за исплата на награда на адвокати за укажана правна помош во судски постапки и исплата на награда на здруженија за укажана претходна правна помош, кој за 2022 година се предвидува да биде 5.000.000,00 денари, за остварување на целите на програмата и промовирање на родовата сензитивност ќе се алоцираат средства од вака предвидениот буџет

Исплатата на средствата ќе се одвива преку буџетската сметка 637, Програма 10 – Администрација, ставка 425 – Договорни услуги. Не постои посебна пограма за исплата на предвидените средства.